***Број: 02 - 22734/2***
***18.12.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 20.11.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство- претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Др.Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија, член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г.Трајче Леов, преставник на Стопанската комора на Македонија, - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на оддел за договори за примарна здравствена заштита, во својство на записничар*

*Итната седницата на Управниот одбор ја отвори претседателот Беким Сали и напомена дека со оглед на последните случувања во земјава со прогласувањето на пандемија на вирусот А (Х1Н1) како и од контактите со Комисијата за справување со пандемскиот грип произлегоа следниве 3 барања:*

*1.Барање за Изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата со цел за Групата Х која се однесува на Болести на респираторниот сиситем (J00-J99) од Критериумите за дијагностички постапки да не се применуваат дијагностичките минимуми при издавање на оценка за привремена спреченост на работа од страна на избраните лекари, како превентивна мерка против свинскиот грип;*

*2. Барање за неограничување на рецептите и упатите од страна на избраните лекари издадени до инфективните одделенија во болниците и до Клиниката за инфективни болести Скопје исто така како една превентивна мерка против свинскиот грип;*

*3.Барање од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје финансиска помош од Фондот заради снабдување со кислород, поради епидемијата на свинскиот грип.*

*Претседателот на Управен одбор Беким Сали откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*

2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*

3. *Одлука за изземање на упати од избраниот лекар до инфективните одделенија во болниците и Клиника за инфективни болести Скопје од целта рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита;*

4. *Разно*

*Потоа се обрати до присутните и праша дали има предлози за проширување на дневниот ред.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, предложи да се разгледа можноста за ревидирање на постоечите пакети на лабараториски услуги опфатени во обрасците ЛУ1 и ЛУ2 кои се пружаат од страна на лабараториите кои имаат склучено договор со Фондот. Притоа истакна дека некои од лабараториските услуги наведени во образецот ЛУ2 можат да се прават и во т.н. основен пакет на лабараториски услуги наведени во образецот ЛУ1.*

*Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, го подржа предлогот на Др.Љубиша Каранфиловски и истакна дека треба да се направи ревидирање и проширување на пакетите за лабараториските услуги.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, информираше дека се започнати преговорите со Лекарската комора и дека предлогот кој се однесува за ревидирање на пакетите за лабараториските услуги може да биде разгледуван во текот на самите преговори.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, се согласи за предлогот да биде одлучувано на веќе започнатите преговори со Лекарската комора.*

*Др.Страшо Наумоски, истака дека за овој предлог ќе треба да се достави и официјален допис од Лекарската комора.*

*Со оглед на тоа дека се одлучи да не се проширува предлог - дневниот ред со нови точки, членовите на Управниот одбор едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*

2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*

3. *Одлука за изземање на упати од избраниот лекар до инфективните одделенија во болниците и Клиника за инфективни болести Скопје од целта рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита;*

4. *Разно*

***ТОЧКА 1 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата*

*Беким Сали, појасни дека со оглед на актуелната состојба со ескалацијата на свинскиот грип како и врз основа на барањата на Комисијата за справување со свинскиот грип се наметна потреба да се направат измени на Правилникот со кој за болестите кои се однесуваат на респираторниот сиситем кој спаѓаат во групата X нема да се применуваат критериумите за дијагностичките постапки при издавање на оценка за привремена преченост за работа од страна на матичниот лекар до 31.03.2010 година.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, прецизираше дека со измените на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата се опфатени сите болести на респираторниот систем од групата X наведени во Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болести и повреди или потреба на нега на болен член од потесното семејство, поради неможноста да се предвидат модифицираните симптоми на свинскиот грип.*

*Др.Страшо Наумоски, истакна дека ги поджува измените на Правилникот како еден вид на олеснување на работата на избраните лекари во период кога е прогласена пандемија на свинскиот грип. Исто така го повтори ставот од минатата година на Лекарската комора кој се однесува на нивното барање за измени на Правилникот во делот на ревидирање на критериумите за дијагностички постапки при издавање на боледувања од страна на избраните лекари до 15 дена. Напомена дека истиот е направен по барање на Фондот од страна на Институтот за медицина на труд со цел да се користи за работата на лекарските комисии во Фондот. Потсети дека од 09.10.2008 година во согласност со Фондот е формирана Комисија за ревидирање на критериумите но сеуште ништо не е преземено. Исто така информираше дека при контаките со Институтот за медицина на труд е потврдено дека дијагностичките минимуми се направени за олеснување на работа на лекарските комисии во Фондот и дека не се однесуваат на избраните лекари. Напомена дека постоечките пропишани дијагностички минимуми се премногу строго опредлени и дека на избраните лекари при издавање на боледувања до 15 дена многу им се усложнува работењето. Предложи од Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болести и повреди или потреба на нега на болен член од потесното семејство, да се иземат сите групи на болести не само болестите од групата X за периодот до 31.03.2010 година, а во меѓувреме да се работи на целосно ревидирање на истиот.*

*Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи; образложи дека измените на Правилнникот ќе се однесуваат изклучиво на иземањето на болестите на респираторниот сиситем опфатени во групата X бидејќи тоа преставува една предентивна мерка која Фондот ја презема против свинскиот грип. Се согласува дека има критериуми за дијагностички постапки кои се премногу строги кои во пракса можат да се променат и заедно со Лекарската комора треба да се направи нивно ревидирање, со цел да истите да бидат поприфатливи.*

*Д-р.Сташо Наумоски, потсети дека веќе 13 месеци формираната Комисија во која има преставници од Фондот, Министерството за здравство, Лекарската комора како и од Институтот за медицина на труд не презела никакви активности во врска со ревидирањето на критериумите за дијагностичките постапки.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, истака дека е доставено писмено барање од Лекарска комора за целосно иземање на критериумите поради новонастаната ситуација со свинскиот грип и дека при консултација со Институтот за медицина на трудот се даде рок до 01.04.2010 година да се направи измена на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата. Укажа на тоа дека Фондот нема интерес да го попречува ревидирањето на критериумите за дијагностички постапки кои се однесуваат за издаено боледување до 15 дена од страна на избраниот лекар бидејќи истото паѓа на трошок на работодавецот, а евентуалното злоупотребување на издаеното боледување Фоднот го контролира преку стручните служби што вршат контрола.*

***Заклучок:*** *До 01.04.2010 година да се достави предлог за измени и дополувања на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата како и за Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство, како составен дел на Правилникот.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***

***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата***

***ТОЧКА 2 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Беким Сали, образложи дека со измената на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување рецептот за пропишан лек за акутно заболување ќе важи 15 дена наместо предвидените 5 дена, за период до 31.03.2009 година. При тоа напомена дека ова е уште една превентивна мерка од пакетот на мерки која се презема против свинскиот грип.*

*Лазар Трајчев, појасни дека во членот 47 став 1 од Правилникот е предвидена терапијата за акутни случаи до 8 дена, и дека со измените е опфатен само ставот 3 на истиот член со кој избраниот лекар може да даде две рецепти само за акутни заболувања на пациентот при што истиот нема непотребно да доаѓа во ординацијата на лекарот во период од 15 дена. Истакна дека на тој начин од една страна ќе се спречи пациентот да не доаѓа во контакт со заболени лица со оглед на прогласената пандемија на свинскиот грип, а од друга страна ќе се олесни работата на избраните лекари во услови на пандемија.*

*Беким Сали, постави прашање дали истото се однесува за хроничнните болни.*

*Лазар Трајчев, одговори дека измените се однесуваат исклучиво само за акутно заболување и образложи дека пациентот што е болен од некоја друга болест која не е свински грип ќе биде покриен со терапија во рок од 15 дена и нема да биде изложен на беспотребен контакт со други заболени пациенти.*

*Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ, истакна дека со измената на Правилникот не се менува системот и сеуште постои лимитот на препишување на рецепти, односно се остава на слободната оценка на избраниот лекар со цел да не се направат непоребни гужви во ординациите на избраните лекари во период на пандемија. Укажа на тоа дека на ова треба да се гледа како една превентивна мерка.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, се согласува дека се работи за една превентивна мерка како дел на препораките од Министерството за здравство со цел спречување на ширењето на свинскиот грип и олеснување на работата на избраните лекари во период на епидемија.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

***ТОЧКА 3 -*** *Одлука за изземање на упати од избраниот лекар до инфективните одделенија во болниците и Клиника за инфективни болести Скопје од целта рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита*

*Лазар Трајчев, објасни дека Одлуката е дел од превентивните мерки кои ги презема Фондот со која се изземаат упатите издадени од избраниот лекар до инфективните одделенија во болниците и Клиника за инфективни болести Скопје од целта рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита.*

*Др.Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија, имаше забелешка во текстот наведен во членот 1 на Одлуката која е од технички карактер, со насока истиот да биде корегиран од стручните служби на Фондот.*

*Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ, објасни дека изземањето на упатите издадени од избраниот лекар се однесуваат и на сите инфективни одделенија во болниците не само на Клиниката за инфективни болести Скопје, како превентивна мерка од проширување на свинскиот грип и прифаќање на болните и на другите инфективни одделенија во болниците.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изземање на упати од избраниот лекар до инфективните одделенија во болниците и Клиника за инфективни болести Скопје од целта рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита***

***ТОЧКА 4 -*** *Разно*

***4.1.*** *Разгледување на заклучокот донесен на LIII - та седница на Управен одбор одржана на 30.04.2009 година во врска со барањата од Клиниката за инфективни болести и фебрилни сосотојби Скопје и од Републичкиот завод за здравствена заштита на средства заради подготвување за можната пандемија на свинскиот грип*

*Лазар Трајчев, посети дека на LIII - та седница на Управниот одбор беше присутен Звонко Миленковиќ,директорот на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје кој ги запозна членовите на Управниот одбор дека ефикасното снабдување со кислород е од клучна важност за овозможување на третман на поголем број на заболени во случај грипот да добие пандемски размери. Исто така истакна дека во периодот кога беше одржана седницата на Управниот одбор  грипот само што се појави во Мексико и истиот не беше проширен во Европа и не се знаеше колку истиот е смртоносен за луѓето.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, укажа на тоа дека еден од заклучоците кои беа донесени на таа седница се однесува на тоа стручните служби на Фондот да контактираат со Клиниката за хируршки болести заради обезбедување на начин за непречено снабдување со кислород на Клиниката за*

*инфективни болести и фебрилни состојби Скопје од нивниот систем. При тоа забележа дека треба да се проведи дали Фондот постапил по заклучокот и контактирал со Клиниката за хируршки болести Скопје.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, потврди дека на таа седница на Управниот одбор беше присутен Звонко Миленковиќ, директор на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје кој состојбата за појавата и ширењето на свинскиот грип ја презентираше како многу сериозна на членовите на Управниот одбор и истиот побара од Фондот финансиски средства за поставување на систем за централно снабдување со кислород.*

*Др.Горан Коевски, потсети дека од страна на директорот Звонко Миленковиќ беа предвидени 3 можности за снабдување со кислород и тоа: со сопствено производство, со поврзување на централниот сиситем на Клиниката за хируршки болести Скопје и со комбинација на двете варијанти.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, укажа на тоа дека во овој период нема добиено такво барање од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје и дека Фондот нема дополнителни средства со кои финансиски би можел да ја помогне инвестицијата.*

*Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ, информираше дека Фондот нема добиено дополниотелни финасиски средства со кои би можел да помогне во оваа ситуација кога имаме пандемија на свинскиот грип. При тоа надеде дека Фондот во рамките на своите можности прави напори на секаков начин да помогне при справувањето со пандемијата како што се и превентивните мерки кои се донесоа на оваа седница на Управниот одбор.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, истакна дека капацитетите на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје се ограничени и дека истата нема да може да ги згрижи сите заболени со оглед на пандемијата на свинскиот грип.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот; која поради недоразбирање околку терминот на одржувањето на седницата на Управниот одбор дојде при крајот на истата, истакна дека во врска со ограничените капацитети на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје се прави дисперзирање и во другите инфективни одделенија на болниците.*

*Беким Сали, потврди дека освен на Клиниката за инфективни болести* и *фебрилни состојби Скопје заболените од свинскиот грип ќе се прифаќаат и во Воена болница Скопје и дека е проблематично само за децата со оглед на тоа што Клиниката за детски болести Скопје неможе да обезбеди содветни услови за нивно прифаќање. Укажа и на тоа дека се прават анализи на теренот во случај на поголем број на заболени.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, предложи Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје да достави ново барање на Фондот во врска со ефикасното снабдување со кислород.*

*Беким Сали, истакна дека Фондот треба да направи контакт со Клиниката за хируршки болести Скопје со цел да се најде начин од нивниот сиситем да се*

*обезбеди на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје непречено снабдување со кислород.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, истакна дека со оглед на случувањата во земјата со прогласување на пандемијата на свинскиот грип како и барањата од Комисјата за справување со свинскиот грип да се преземе пакет на превентивни мерки, оцени дека Фондот треба што побргу да стапи во контакт со Клиниката за хируршки болести Скопје.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ, се согласи дека треба Фондот поитно да стапи во контакт со директорите на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје и Клиниката за хируршки болести Скопје и дека во моментот кога ќе се дојде до решение ќе се свика итна седница на Управиот одбор.*

***Заклучок:*** *Фондот треба да направи контакт со Клиниката за хируршки болести Скопје со цел да се најде начин од нивниот сиситем да се обезбеди на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје непречено снабдување со кислород.*

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 14,30 часот.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа - Ѓуровска***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Беким Сали***